Покана за јавна расправа

Почитувани,

Агенцијата за електронски комуникации објавува „Нацрт извештај за Методологија за модел на трошоци за слободно емитување (FTA) (free to air) услуги преку дигитална терестијална ДТТ платформа и пресметка на WACC “.

Методологијата се развиваше во соработка со Аналусис Мејсон- Италија врз основа на договор за консултантски услуги, склучен врз основа на постапка за јавна набавка.

АЕК на ден 19.11.2015 година, на својата веб страна објави соопштение со кое ги информираше заинтересираните страни дека отпочнува со процесот на развој и имплементација на Методологија за модел на трошоци за слободно емитување на услуги преку дигитална терестијална платформа и Методологија за пресметка на WACC, за контрола на цени на оператор со значителна пазарна моќ на релевантен пазар 13, дефиниран во Одлуката за утврдување на релевантни пазари подложни на претходна регулација.

АЕК на ден 11.12.2015 година, на својата веб страна објави „Почетен Извештај за Методологија за модел на трошоци за слободно емитување на услуги преку дигитална терестијална платформа и Методологија за пресметка на WACC“.

Нацрт Извештајот е дополнение на претходно објавениот Почетен извештај, и истите треба да се разгледуваат последователно.

Со оваа покана ги повикуваме сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во рок од 30 дена од денот на објавување на Нацрт Ивештајот за следните документи:

1. „Почетен Извештај за Методологија за модел на трошоци за слободно емитување на услуги преку дигитална терестијална платформа и Методологија за пресметка на WACC“.
2. „Нацрт извештај за Методологија за модел на трошоци за слободно емитување (FTA) (free to air) услуги преку дигитална терестијална ДТТ платформа и пресметка на WACC “

Во очекување на коментари и мислења по објавениот предмет на јавна расправа, Ве поздравуваме.

1. Владимир Ристески - координатор на работната група
2. Васка Петровиќ – член
3. Биљана Тошевска – член
4. Мирјана Болиновска – член

**Директор**
**Сашо Димитријоски**

Наш број: _________
Скопје ____________